Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 04-77/5
23.01. 20 26 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 44 и член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 4/19 и 23/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) а во врска со објавениот оглас за вработување во Државниот испитен центар бр.1151/2025 и предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.10-326/4 од 21.01.2026 година директорот ја донесе следната

# ОДЛУКА

***за избор на 1 извршител-кандидат за административен службеник за работно место Помлад соработник за нормативно-правни работи***

1. За извршител на работното место **Помлад соработник за нормативно-правни работи** во **Одделение за нормативно-правни, административни и општи работи** во Државниот испитен центар, со шифра **УПР 01 01 В04 000,** *СЕ ИЗБИРА* кандидатот ***Давор Софрониевски***.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точката 1, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Истовремено истиот/та ќе склучува и договор за вработување, при што е должен да достави доказ за исполнување на условите за вршење на работата.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на објавениот јавен оглас број 1151/2025 од 10.12.2025 година на интернет страницата на Агенцијата на администрација, Агенцијата за вработување, Државниот испитен центар и во дневните весници „Слободен печат“, „ Вечер “ и „ Коха “ за пополнување на работно место Помлад соработник за нормативно-правни работи во Одделение за нормативно-правни, административни и општи работи со шифра УПР 01 01 В04 000, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работните од точка 1 на ова одлука, на ден 26.12.2025 година, спроведе административна селекција и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-2743/4.

На ден 14.01.2026 година се спроведе испит за пријавените кандидати и состави Записник број 10-326/2 (10-2743), и на ден 21.01.2026 година спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за наведеното место и состави Записник од спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервју бр.10-326/3.

По спроведената постапка на проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто, за наведеното работно место како и извршеното бодување, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за

работното место Помлад соработник за нормативно-правни работи во Одделение за нормативно-правни, административни и општи работи во Државниот испитен центар.

Врз основа на горенаведенето, се изврши избор како во диспозитивот на ова одлука.

***УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:*** *Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на истата на веб страната на Агенцијата за администрација.*

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
ДИРЕКТОР

**м-р Даниела Јовчевска -Михајловска**

**Доставено до:**

- Гореименуваниот;
- Одделението за нормативно-правни, административни и општи работи;
- Архивата и
- Агенцијата за администрација